ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА БЛАГОСОСТОЈБА НА БЕЗДОМНИ СКИТНИЦИ ЛАЈКА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR MIRËQENIE TË KAFSHËVE ENDACAKE LLAJKA
Бр.-Nr. 03-415/1
01.03 20 21 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr 08-2054
___ 20___
СКОПЈЕ-SHKUP

Република Северна Македонија
Општина Ѓорче Петров
Бр. 03-561/1
03.03. 20 21 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## за меѓуопштинска соработка за заловување на кучиња на подрачјето на општината Ѓорче Петров

**Склучен во Скопје на ___.___.2021 година помеѓу :**

1. **Град Скопје,** со седиште на Бул.Илинден бр.82, застапуван од Градоначалникот на Град Скопје г-дин Петре Шилегов (во натомошниот текст: **Град Скопје**)

2. **Општина Ѓорче Петров**, со седиште на ул.Ѓорче Петров бр.73, застапувана од Градоначалникот на Општината г-дин Александар Наумоски (во натамошниот текст: **Општина Ѓорче Петров**) и

3. **ЈП Лајка-Скопје,** со седиште на ул.840 бр.2, застапувана од в.д. директорот Тина Петрушевска (во натамошниот текст: **ЈП Лајка**)

**I ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој договор е регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу Град Скопје, Општина Ѓорче Петров и ЈП Лајка-Скопје, по основ на финансиско учество заради остварување на заедничка цел и интерес при заедничко вршење на работи од заедничка надлежност која се однесува на заловување и собирање на бездомните кучиња, односно нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња доколку ги затекнат на јавни површини на подрачјето на општината Ѓорче Петров.
Договорот се склучува согласно Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и општините во градот Скопје за заловување на кучиња на подрачјето на Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.16/2020), како и Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Градот Скопје за заедничко вршење на надлежностите за заловување на кучиња на подрачјето на општината ("Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.11/20).

**II НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**

**Член 2**

Град Скопје ќе учестувува во меѓуопштинската соработка со обезбедување трајно и квалитетно вршење на заедничката надлежност на целото подрачје на општината преку Јавното претпријатие Лајка - Скопје и со предвидени финансиски средства за таа намена кои се обезбедуваат во Буџетот на Град Скопје за секоја буџетска година.
За 2021 година, за таа намена, во Буџетот на Град Скопје предвидени се 10.000.000,00 денари со пресметан ДДВ.
Општина Ѓорче Петров ќе учествуваат во меѓуопштинската соработка со предвидени финансиски средства во износ од 2.000.000,00 денари, со пресметан ДДВ кои се обезбедуваат во Буџетот на општината за секоја буџетската година при што ќе ги уплатува на сметка на ЈП Лајка на 12 еднакви месечни рати во износ од 166.667,00 денари со пресметан ДДВ.

**Член 3**

Времетраењето на заедничкото вршење на работите од заедничка надлежност и превземањето на обврските кои произлегуваат од меѓуопштинската соработка помеѓу Град Скопје и Општина Ѓорче Петров се утврдува за целиот временски период на правна сила на одлуките од член 1.

**Член 4**

При остварувањето на меѓуопштинската соработка, утврдена во член 1, помеѓу Град Скопје и Општина Ѓорче Петров, постапките за издавање налог за работење и вршење надзор над самото работење ќе ги врши Град Скопје согласно Договор бр.08-1160/1 од 29.01.2021 година, склучен помеѓу Град Скопје и ЈП Лајка Скопје.

**III ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 5**

Договорот е составен во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја од договорните страни.

**Член 6**

Евентуалниот спор помеѓу договорните страни во врска со овој договор ќе го решава надлежен суд во Скопје.

**Член 7**

Можните измени и дополнувања настанати по склучување на овој договор договорните страни ќе ги договорат спогодбено и писмено ќе ги приклучат кон овој договор со анекс на договор.

**Член 8**

Овој договор влегува во сила со денот на неговото потпишување.

Градоначалник
на Град Скопје
Петре Шилегов

Градоначалник
на Општина Ѓорче Петров
Александар Наумоски

ЈП Лајка –Скопје
в.д. Директор
Тина Петрушевска